



# ЗБИРНИ ИМЕНКИ

**Членството** на еколошката секција во нашето училиште постојано се зголемува со нови членови.

Интересот за чиста и здрава средина кај **населението** се зголемува.

Стариот **мебел** во дневната соба е заменет со нов.

Истакнатите зборови: членството, населението и мебел, означуваат множество од еднородни суштества и предмети и се викаат **збирни именки**.

Овие именки секогаш се **употребуваат само во еднина.**

## ВЕЖБИ

* Запиши ги збирните именки во следниве реченици:

1. Сиот мој род беше на прославата.

2. Многу свет имаше на плоштадот.

3. Имам нов прибор за цртање.

4. Зборував во името на народот.

5. Сметам дека храната е важна за здравјето на луѓето.